# СОВРЕМЕНИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

поглед на современа скулптура

во рамките на средбата на солидарноста 1968
dans les cadres de la rencontre de solidarité 1968

salon du musée — gjuro salaj 34
салон на музејот — ѓуро салај 34

музеј на
современа
уметност
скопје

musée
d'art
contemporain
skopje

# современи ликовни уметници

## поглед на современа скулптура

# artistes plastiques contemporains

## vue sur la sculpture contemporaine

јули-август 1968 скопје — juillet-août 1968 skopje

izlagači-exposants:

alviani getulio (I)
angeli radovani kosta (YU)
berdyszak jan (PL)
brzoskiewicz teresa (PL)
calder alexander (USA)
calo aldo (I)
dobrović jyrij (YU)
dunlop dorothea (USA)
feuerlicht herbert (USA)
hadži boškov petar (YU)
hajdu etienne (F)
jevrić olga (YU)
kemeny zoltan (CH)
logo oto (YU)
manevski stefan (YU)
ružić branko (YU)
somaini francesco (I)
spiteris jeanne (F)
stahly françois (F)
tavernari vittorio (I)
teshigahara sofu (J)
tihec slavko (YU)

скулптури и објекти од колекцијата на музејот на современа уметност — скопје

sculptures et objects de la collection du musée d'art contemporain—skopje

Во ерата на „индустриската митологија", кога концепциите за ликовните уметности се менуваат и добиваат сѐ повеќе акценти на релативност, кога скулптурата станува од една страна дводимензионална, а од друга полидимензионална; кога границите меѓу скулптурата и сликарството постепено исчезнуваат, кога скулптурата станува интегрален дел на човечкиот живот (архитектура, филм, театар, слободен простор); кога ликовните уметности тежнеат кон општа синтеза и кога уметноста и науката си подаваат рака, ја организираме оваа изложба на 23 одбрани скулптури и објекти од нашата колекција; со обид преку нив да индицираме некои од тенденциите на современата скулптура кај нас и во светот да потсетиме на улогата на некои револуционерни личности во неа.

Чест ни е што во рамките на годинешната „Средба на солидарноста", ни се дава можност да му презентираме на нашиот град една мала „секвенца" на современата скулптура; да му овозможиме допир со некои аспекти на актуелните скулпторски стремежи, низ остварувања на познати уметници; без претензии, повторувам, да дадеме целосна слика на денешната модерна скулпторска продукција.

За да се прикажат вредностите на подарените и откупените дела во колекцијата на МСУ, во селекцијата за основен критериум е земен ликовно-естетскиот квалитет, без ограничувања во однос на националната, генерациската и стилската припадност, ликовниот проседе и одбраниот скулпторски материјал.

Изложените дела се одликуваат со оригиналност, инвентивност, естетски космополитизам, прочистена ликовна концепција и експресија, творби на уметници револуционерни во својата активност, со одредено место во историјата на уметноста, (Кемениј, Вазарели, Стали, Ажди), или творци со оформен ликовен јазик (Спитерис, Кало, Сомаини, Тавернари, Лого, Хаџи Бошков, Радовани, Ружиќ, Јевриќ) и млади уметници чии зафати делуваат зрело и влеваат оптимизам и доверба (Алвиани, Маневски, Тихец).

Денес ниту една панорама на современата скулптура не би можела да се замисли без учеството на Колдер-еден од пионерите на пластичната револуција наречена кинетичка, творецот на вистинското движење во скулптурата, таканаречените Мобили; без Вазарели-најавангардниот претставник на опартот и еден од иницијаторите на кинетизмот во уметноста, чии кинетички искуства одат кон интеграција на ликовното дело во урбанизмот и архитектурата; без инвентивните визии на Кемени, неговите слики-релјефи со пиктурални ефекти, неговите биолошки и геолошки конструкции и напуштање на традиционалните ликовни техники. Панорамата ја надополнуваат: Стали-творец (заедно со Етјен Мартен) на модерните „environnements" со барокни призвуци; Ажди-психолошки елементи во скулптурата; Алвиани-еден од најплодните истражувачи во Италија на оп-артот; Тешигахара-успешна и витална модерна интерпретација на нешто што е изразито традиционално; Сомаини, Спитерис, Данлоп-високи домети во доменот на апсолутната апстракција; Радовани-модерно и хуманистичко третирање на фигурацијата, доследен на човекот, не

осврнувајќи се на современите кинетички митови; Ружиќ-импресивни art-brut композиции; Лого-симболичко-виталистички менталитет и техничка перфектуираност; Маневски и Тихецмеѓу најкарактеристичните претставници во Југославија на механо-симболичните фетиши на индустријализираната денешна цивилизација; Хаџи Бошков и Бердишак-рационални реализации во геометриско-конструктивистички дух; Јевриќоргинална експресионистичка апстракција.

Од друга страна оваа конфронтација на југословенски и странски уметници овозможува согледување на димензиите, положбата, односот и придонесот на нашата скулптура во општите светски движења во оваа дисциплина.

Во каталогот се дадени мислења на еминентни ликовни критичари, естетичари и историчари за поедини уметници, со цел да се олесни приодот на публиката кон презентираната материја.

Соња Абаџиева Димитрова

**АЛВИАНИ ЃЕТУЛИО**

Роден 1939 во Удине (Италија). Студии во Удине. Член на интернационалното движење „Нова тенденција“. Самостојни изложби: Љубљана 1961, Загреб, Улм, Клагенфурт 1962, Леверкусен, Амстердам 1936, Ѓенова, Милано 1965, Торино, Трст, Венеција 1966. Учествувал на многубројни групни изложби меѓу кои на: Биеналето во Венеција 1966, IV Биенале во Токио 1964, VI и VII Биенале на графика во Љубљана, VIII Биенале во Сан Паоло 1965.

Адреса: Getulio Alviani, Via Marangoni 9, Udine, Italia

... Тој ја истакнува потребата да во денешните услови на човечкиот брз, рационален и економичен начин на живот, секоја активност би требало да се заснива на „постигнувањето на најголем резултат со најголема економичност“. Мислата која го води Алвиани во овие испитувања се состои во барањето на можните форми на синтеза на техниката-светлината-динамичноста. Светлината е основниот активен факт на Алвијаниевите пластични објекти; таа негова интерпретација на светлината не се потпира на некои класични тонски или атмосферски состојби, туку сака да биде „светлина на стратосферата“ или „хиперсветлина“ (Маурицио Фаџоло). Со таквото сваќање на феноменот на светлината, Алвиани го реализира со средствата со кои се служи, саканото „максимално постигнување“ и во тоа е значењето на неговиот придонес кон проблемот што го обзема ...

Биљана Томиќ

**АНГЕЛИ РАДОВАНИ КОСТА**

Роден 1916 во Лондон (Англија). Студирал на Академијата за ликовни уметности Брера во Милано. Студиски патувања: Италија, Франција, Белгија, САД, Англија, Грција, Чехословачка. Извел споменици во: Дрежница, Куманово и Шибеник. Самостојни изложби: Загреб 1952, 1965, Белград 1963, 1967, Нови Сад 1963, Скопје 1963, Охрид 1963, Атина 1965, Љубљана 1966, Прага 1966, Сан Паоло 1967. Групни изложби: бројни изложби во земјата и странство — Биенале во Венеција 1950, Биенале во Александрија 1955 и 1963, Виена 1956, Рим, Милано 1956/57, Полска 1957, Мексико, Чиле, Боливија, Бразил, 1957, Женева 1957 и 1967, Антверпен 1958 и 1967, Париз 1959 и 1961/62, Биенале во Токио 1960, Антиб 1960, Лондон 1961, Венеција 1962, Прага 1964, Будимпешта 1965, Токио 1966, Штутгарт 1967, Монтреал 1967 и др.

Награди: III Награда на Комисијата за наука и култура на Владата на ФНРЈ, II Награда за скулптура на Владата на ФНРЈ, I награда за скулптура на изложбата „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија“, Наградата на градот Загреб за скулптура 1964, Награда за скулптура на II Триенале во Белград 1964 и др.

Адреса: Коста Ангели Радовани, Крижаничева 5, Загреб, Југославија

... Тој не ја отфрлува хуманистичката традиција, неговата скулптура е атнтропоморфна и антрополошка. Тоа го постигнува со апсолутно присаство во она што го работи, со идентитетот со себе но и со скулптурски и човечки константи. Бидејќи средствата на неговиот израз судбински се трајни — човек, човечка фигура; неговиот материјал неминовен-глина, камен, бронза. Но пораката која ни е соопштена со тие стари медиуми е продорна и актуелна. Служејќи се со привидно истрошени симболи. Радовани всушност одново ги облагородил и ги внел во областа на артистичкиот израз и говор ...

Миодраг Б. Протиќ

**БЕРДИШАК ЈАН**

Роден 1934. Студирал скулптура на Државната висока школа за пластични уметности во Познањ. Се занимава со скулптура, графика, сликарство и сценографија. Самостојни изложби: повеќе пати во Познањ, Краков 1965, Варшава, Колашин, Токио 1966. Групни изложби: Франција, Јапонија, Југославија, ДР Германија, Италија.
Адреса: Berdyszak Jan, ul. Wybickiego 1/15a, Poznan, Polska.

**БЖОСКИЕВИЧ ТЕРЕЗА**

Родена 1929. Дипломирала на Академијата за пластични уметности во Варшава. Самостојни изложби: Кан 1960, Варшава 1962, Сопот 1963, Париз 1964, Нанси 1966. Групни изложби: учествувала на повеќе изложби во земјата и во странство — во салонот на Независните во Париз 1960, на меѓународна изложба во Париз 1960 и во Монте Карло 1963. Добитник на неколку награди за скулптура.

Адреса: Brzoskiewicz Teresa, Ul. Magiera 25a, Warszawa, Polska

**КОЛДЕР АЛЕКСАНДЕР**

Роден 1899 во Филаделфија, (САД). Дипломирал градежништво на Високата техничка школа во Њујорк. 1927 доаѓа во Париз. 1932 приредил во Париз своја прва изложба на мобили (подвижни конструкции од жица, метални делови и други материјали). Еден од неговите мобили поставен е пред новата палата на УНЕСКО во Париз. Работел на фонтани за светската изложба на фонтани во Париз и Њујорк. Учествувал на многубројни изложби на современата скулптура. Голем број на индивидуални изложби: Париз, Амстердам, Рен, Њујорк, Рим и др. Добитник на Интернационална награда за скулптура на Биеналето во Венеција 1952, Награда Carnegie 1958.

Адреса: Alexander Calder, Saché Indre et Loire, Près de Tour, France.

... Колдер сака да го изрази движењето преку самото движење и да го избегне по секоја цена проблемот на имитацијата. Низ една разновидност на материјали обогатени со весел и лудички дух, Колдер малку против своја волја, го отвора патот на кинетичките пропозиции кои одат кон една понаучна цел. Од една страна тие го овозможуваат испитувањето на непредвиденото, понекогаш на просторната и космичка скала, од друга страна овозможуваат демонстрирање на една нова естетика, ставајќи ги лице в лице животното уметничко дело и гледачот, кога творецот речиси потполно ќе исчезне...

Франк Попер

**КАЛО АЛДО**

Роден 1910 во Сан Чезарио ди Лече (Италија). Студирал во Фиренца. Живее и работи во Рим, каде што управува со Државниот институт за уметност. Самостојни изложби: повеќе пати во Лече, Венеција 1947, Милано 1949 и 1956, Рим 1949, 1953, 1956, Париз 1951, Фиренца 1955. Учествувал на Биеналето во Венеција, Квадриеналето во Рим, Триеналето во Милано и на разновидни групни изложби во Италија и странство. Награди: Голема награда „Forte dei Marmi" 1948, награда на градот Лече 1948, Награда на Министерството за образование во Рим 1950, Награда во Неапол 1955, Голема награда на Биеналето во Александрија 1961/62, Награда за скулптура на Биеналето во Венеција 1962 и др. Дела во музеите во Париз, Рим, Цирих и во разни приватни колекции.
Адреса: Aldo Calo, Via Conte Verde 51, Roma, Italia.

...Ако од 1940 до 1956, тежеше кон упростен и ритмички ликовен јазик, неговиот престој во Париз и Лондон, во 1950, контактот со Бранкузи и Мур, му овозможија да ги продлабочи своите искуства во апстрактна смисла, сондирајќи го внатрешниот простор. Од 1954 како што тоа го одбележа господинот Поненте, кај Кало се прецизира „една диференцијација меѓу творбите во камен и оние во дрво: додека во каменот тој тежи да ги концентрира волумените, да ги претстави како маси, дрвото му овозможува подлабоки зарези, останувајќи и секогаш верен на концепцијата простор—форма.

Родолфо Палукини

**ДОБРОВИЌ ЈУРАЈ**

Роден 1928 во Јелса (Југославија). Завршил Економски и Филозофски факултет. Самостојни изложби: Загреб 1962, Загреб, Белград 1965, Грац 1967. Групни изложби: Изложба на младите Белград 1963, изложба „Нови тенденции 3" Загреб 1963, изложба „ОП и нова геометрија" Франкфурт на Мајна 1966, IV биенале на југословенската графика во Загреб 1966, изложба „Југословенски цртеж на XX век" Белград 1966, изложба на графика во Монтреал 1967, VII меѓународно биенале на графиката во Љубљана 1967, III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград 1967, изложба на Југословенска графика во Бремен 1967 и др. Освен со скулптура се занимава со графика и дизајн. Добитник на откупна награда на IV југословенско биенале на графиката во Загреб 1966.

Адреса: Јурај Добровиќ, Јурјевска 31, Загреб, Југославија.

...Целта на испитувањето кое Добровиќ го прави во овој комплекс на дела се состои во напорот нашата перцепција да се насочи кон чисти визуелни извори и така да се ослободи од оној конвенционален појмовен и симболичен репертоар кој денеска во најголем број на случаи го отежнува нашето непосредно и активно акцептирање на реалноста.

Неговото дело изникнува од една автентична духовна ситуација на современоста и истовремено претставува на нашиот терен значаен прилог кон формирањето на една нова визуелна култура која е адекватна на афинитетите и потребите на човекот со битно „технички ознаки" на реалноста во животот.

Јеша Денегри

**ДАНЛОП ДОРОТЕА**

Родена 1913 во Гатри, Оклахома (САД). Студирала на Универзитетите во Данвер и Чикаго. Студиски патувања: Шпанија, Франција, Италија. Самостојни изложби: Сан Франциско 1965, Данвер 1966, Њујорк 1967 и др. Групни изложби: Филаделфија, Уметнички Музеј во Данвер, Вашингтон, повеќе пати во Данвер, Биенале во Санта Фе 1966, Њујорк Сити, Пуебло и др. Прва награда за скулптура во Данвер 1964.

Адреса: Dorothea Dunlop, 374 Dexter St., 80220, Denver Colorado, USA.

...Пред сѐ таа во метал ги моделира своите експресивни алегорични композиции. Меѓу другото да го одбележиме овој мал и чуден начин на прикажување кој се поврзува со варварскиот и меровиншкиот стил, надополнет со ориентален карактер, поточно сијамски.
Да го наведеме исто така и овој вид на натрупаност на метални колци, заварени во висина, како во рамнотежа едните над другите. Чудна вертикала што го симболизира Движењето...

Пјер Морнан

**ФЕРЛИЧ ХЕРБЕРТ**

Роден 1929 во Њујорк, (САД). Студирал на Auburn University, Cooper Union Art School, Yale University. Самостојна изложба во Национален цртачки центар, Њујорк 1965. Групни изложби: New Bedford Art Festiwal 1965, 1966, изложба на ситна пластика во Ball Универзитетот 1965, 1966, кружна изложба 1965—1966, изложба „Architectural League“ Њујорк 1965, Изложба на американски апстрактни уметници во Риверсајд Музеј 1966, и др. Награди: III Награда за скулптура во Њујорк 1965, I награда на Westchester Art Society 1965, и I награда на New Bedford Art Society 1965.

Адреса: Herbert Feuerlicht, 711 Amsterdam, Avenue, New York N. Y. 10025, USA.

**ХАЏИ БОШКОВ ПЕТАР**

Роден 1928 во Скопје (Југославија). Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Љубљана 1953. Специјализација во Англија и САД. Самостојни изложби: Скопје 1959, Лондон 1960, Скопје 1965. Групни изложби: изложби на ДЛУМ, I, II и III триенале на ликовните уметности во Белград, на Меѓународниот симпозиум за скулптура во дрво во Костањевица 1961, „НОБ во делата на југословенските уметници“ во Белград 1961, „Современа југословенска уметност“ во Париз, Рим, Милано, Фиренца и Венеција 1961-62, „Македонската современа уметност, денес“ во Рим, Торино, „6 југословенски уметници“ Нирнберг, Штутгарт и Западен Берлин и др.

Адреса: Хаџи Бошков Петар, ул. 956 бр. 14, населба Водно, Скопје, Југославија.

...Скулптурата на Петар Хаџи Бошков, е производ на сложена уметничка еволуција. Сите нејзини фази изразуваат една незаситена и незадоволена глад за пронаоѓање на современа концепција на скулпторската форма, како пластична синтеза на општата клима на нашата епоха. Денешните скулпторски дела на Хаџи Бошков, преземајќи го металот како специфичен материјал на нашето време, на нашата технизирана цивилизација, производ се на преплетувањето на импулзивно-рационални барања. Неговите пластични форми ја „раздразнуваат“ асоцијативноста и имагинацијата, потсетувајќи на богатството на биолошки форми на нашиот и некој „космички свет“, со форми во кои е отисната некоја динамична архитектонска структуралност на масите.

Борис Петковски

**АЖДИ ЕТЈЕН**

Роден 1907 во Турда (Трансилванија). Живее во Париз од 1927. Повеќе самостојни изложби во Франција и странство. Учествувал на голем број групни изложби меѓу кои: на Мајскиот салон, на изложби во Музејот Роден и други изложби на современа скулптура. Делата му се наоѓаат во бројни музеи и приватни колекции во целиот свет.

Адреса: Etienne Hajdu, 24, rue Bertie Albrecht, 92 Bagneux France

...Впрочем Ажди изведува релјефи од кован алуминиум, но почесто работи во мермер, чија блага и малку прикриена јасност тој сака да ја истакне.
Иако повеќе негови скулптури носат назив „Глава“ или носат имиња на жени ,тој не се грижи тие да личат на било кое човечко лице. Тие побрзо евоцираат човечки квалитети (благородност, чедност, елеганција, гордост), без да бидат проста материјализација на еден или друг човечки квалитет. Очигледно, тие пред сè одговараат на размислувања од пластичен вид.

Релјефот кој зазема едно од значајните места во творештвото на Ажди, често ги привлекува модерните уметници. Во неговите најнови дела тој ја анимира рапавата површина со паралелни бразди, создавајќи еден излив на светлина и сенка, зад кого откриваме овде композиција со чисти форми, онде срамежливо индицирано торзо.

Жозеф — Емил Милер

**ЈЕВРИЌ ОЛГА**

Родена 1922 во Белград (Југославија). Студирала на Академијата за ликовни уметности во Белград. Самостојни изложби: Загреб 1964 и 1965, Ниш 1967, Групни изложби во земјата: I, II и III југословенско Триенале, „Октобарски Салон 1966“, НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија во Белград 1966. „Мир, хуманост и пријателство меѓу народите“ во Словењ Градец 1966; во странство: VII меѓународно Биенале на ситна пластика во Падова, V меѓународно Биенале на скулптура во Карара 1966 и др. Награди: награда за скулптура на изложбата „Мир, хуманост и пријателство меѓу народите“ во Словењ Градец 1966, награда за скулптура на I Триенале на ликовните уметници на Југославија 1961.

Адреса: Олга Јевриќ, Браничевска 8, Белград, Југославија.

... Мислата за таа сѐопфатност и сѐприсатност на материјата истакната е во скулптурата на Олга Јевриќ со нагласување на нејзината првобитна чистота: во нејзиното дело, материјата постои како супстанца по себе, како суштинска објективизација на материјалното; поради тоа цементната маса и железната прачка не ја содржат преносната особина на било кој друг објект, ниту карактеристиките на некој одреден вид на предметност-презентирана во својата исконска конкретност, но истовремено совладана и оформена со снагата на човековата творечка моќ, материјата е една неминовност, една постојаност...

Јеша Денегри

**КЕМЕНИ ЗОЛТАН**

Роден во Баница, Трансилванија (Унгарија) 1907, умрел 1965 во Цирих (Швајцарија). Студирал архитектура на Школата за декоративни уметности во Будимпешта, потоа сликарство на Школата за ликовни уметности во Будимпешта. Живеел и творел во Париз и Цирих. Самостојни изложби: повеќе пати во Цирих и Париз, Чикаго, Берлин, Лондон, Њујорк, Диселдорф, Хановер, Отерло и др. Групни изложби: Стеделијк музеј Амстердам 1950, Кернеџи Институт Питсбург 1958, „Nouvelles Réalités“ Париз 1958, Dokumenta II Касел 1959, County Museum Лос Анѓелос 1959, Музеј на модерна уметност Сан Франциско 1959, „Comparaisons“ Париз 1960 и 1961, „Антагонизми“ Париз 1960, трета швајцарска изложба на скулптура во слободен простор Биен 1962, „Скулптурата во Швајцарија (1952—1963)“ во Музејот Роден Париз 1963, Тејт Галерија, Лондон 196-, XXXII Биенале во Венеција 1964. Посмртни самостојни изложби: Национален Музеј на модерна уметност Париз 1966 и Палата на Убавите уметности Брисел 1967. Добил прва награда за скулптура на XXXII Биенале во Венеција 1964.

... Золтан Кемени ја збогати уметноста на нашето време со едно ново изразно средство: сликата — рељефот, давајќи им на своите слики — релјефи, не една туку повеќе форми... Сликите кои автоматски му се прикажуваат на духот при испитувањето на овие дела, потекнуваат од минералниот и вегеталниот свет. Не можеме, а да не мислиме на формирањето на кристалите или на брановите кои се разбиваат. Понекогаш исто така, имаме впечаток дека набљудуваме пејсажи од авион, градови во рушевини полупосипани со песок и прав или сакрални паметници на примитивни народи...

Мануел Гасер

**ЛОГО ОТО**

Роден 1931 во Белград (Југославија). Студирал на Академијата за применета уметност во Белград. Самостојни изложби: Белград 1957, 1959, 1962. Групни изложби: V и VI Октобарски Салон, „20 години белградска скулптура“ 1965, Анале Пореч, I Симпозиум на скулпторите во Аранѓеловац 1966, „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија“ Белград 1966, и во странство: I меѓународна изложба на скулптура во Милано, 18 Салон на млада скулптура во Париз, III меѓународна изложба на европска скулптура во Париз и др. Награди: награда за скулптура на VI Октобарски салон и I Награда за скулптура на изложбата „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија“. Моментално излага на Биеналето во Венеција.
Адреса: Ото Лого, Косанчиќев Венац 19, Белград (Југославија)

...За Логовата денешна фаза на „механичка органика“, можеме да кажеме дека она како едно можно својство на „технички“ замислената форма ја открила особината на растењето, зреењето и внатрешниот процес, што е инаку иманентно само на сложените витални организми. Со овој гест Лого во доминантната особина на махиноморфизмот на својата скулптура внел момент на една своевидна „анимистичка“ експресија и во тој денеска редок предлог на формата, наоѓам дека лежи специфичноста и суштината на неговото определување...

Јеша Денегри

**МАНЕВСКИ СТЕФАН**

Роден 1934 во Скопје (Југославија). Академија за ликовни уметности завршил во Белград. Самостојни изложби: Скопје 1965 и 1968, Белград 1966. Групни изложби: „Младо ликовно творештво“ Белград 1959, „Петмина најмлади“ Скопје 1960, IV Октобарски салон Белград 1963, „Македонски ликовни уметници“ Словењ Градец 1964, I биенале на младите во Ријека 1966, „Современа македонска скулптура — млада генерација“ Скопје и Нови Сад 1967, „Современи македонски уметници — актуелни тенденции“ Скопје 1967, III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград 1967, „Аспекти на цртежот во Македонија“ Скопје 1967, „Современа југословенска уметност“ Бејрут, Дамаск, Багдад, Триполи 1967 и др. Награди: III сојузна награда за скулптура на изложбата „Младо ликовно стваралаштво“ во Белград 1959 и награда за скулптура на III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград 1967.
Адреса: Стефан Маневски, Кратовска 46, Скопје, Југославија

...Стефан Маневски, поминувајќи прво низ една фигуративна „катарза“ изградува од метални отпадоци дела кои бескомпромисно го зафаќаат речникот на современата скулптура во апстрактна ориентација и кои иманентно ѝ припаѓаат на пластичната атмосфера на нашето време. Многу студиозно, технолошки сè посовршен, Маневски ги претвора своите скулпторски дела во некаков вид на современи реликвијарно-симболични и тотемско-сакрални предмети...

Борис Петковски

**РУЖИЌ БРАНКО**

Роден 1919 во Славонски Брод (Југославија). Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Загреб. Студиски патувања: Франција, Германија, Англија. Самостојни изложби: Винковци 1951, Загреб 1953, 1959, 1963, Осијек 1955, Белград 1958, Славонски Брод 1960, Љубљана, 1960, Белград 1963, Венеција 1964 (XXXII меѓународно биенале Скопје, Приштина, Битола 1967. Групни изложби: изложби на УЛУН и СЛУЈ, III и IV медитеранско биенале во Александрија 1959 и 1961, I, II и III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград, Меѓународно биенале на скулптура во Карара 1962,

Меѓународна изложба на скулптури во слободен простор во Милано 1965, III меѓународна изложба на современа скулптура во Роденовиот музеј во Париз 1966 и др. Награди: II награда за скулптура на XXXII меѓународно биенале во Венеција 1964, откупна награда за изведба на споменик на Моша Пијаде, Белград 1967.
Адреса: Бранко Ружиќ, Воќарска 76, Загреб, Југославија

... Меѓу разните можности кои настануваат на широкото подрачје при допирот помеѓу фигурацијата и апстракцијата, во сферата која некои ја наречуваат асоцијативна, се издигнуваат дрвените скулптури на Бранко Ружиќ како јасни индивидуални творби, кои не можат да се заменат со други. Тие се фигуративни, бидејќи под концизните и наизглед грубо делкани форми наоѓаме секогаш алузија на луѓе, на нивните ставови и движења на телата, кои освен тоа се обременети со карактеризација и точно психолошко согледување. Тие се апстрактни, бидејќи нивниот автор се изразува со регистар на сосема едноставни форми, чија живост почива во ритамот, во меѓусебните односи кои одговараат на многу поопфатни вистини, отколку што би била само човечката фигура, осамена или во група.

Алекса Челебоновиќ

**СОМАИНИ ФРАНЧЕСКО**

Роден 1926 во Ломацо (Италија). Ја посетувал извесно време Академијата Брера во Милано. Самостојни изложби: Фиренца 1956, Торино, Милано, Рим — 1959, Њујорк, Биенале во Венеција — 1960, Рим, Милано 1962, Њујорк 1964 и др. Групни изложби: Биенале во Венеција, Квадриенале во Рим, Триенале во Милано, IV Биенале на скулптура во Карара, Биенале во Сан Паоло. Далас, Рио Де ,анеиро, Њујорк, Токио, Биенале во Антверпен, Токио, Париз, изложба на современа италијанска скулптура во Нов Зеланд и др. Награди: 1952 — Награда „Оливети“ во Фиренца, 1959. Прва меѓународна награда за скулптура на V Биенале во Сан Пауло. 1961 — I награда на француската критика на II Биенале во Париз.
Адреса: Francesco Somaini, Corso Italia 22, Milano, Italia

... Франческо Сомаини има во себе чувство за големи архитектонски простори: неговата волја „да ја прекине просторната целина на блокот за да го потчини на многубројни просторни времиња“ го карактеризира на единствен начин, сè повеќе и повеќе, неговото дело кое доби високо признание на Биеналето во Сан Пауло 1959.

Родолфо Палукини

**СПИТЕРИС ЖАН**

Родена во Смирна (Грција). Ги посетувала Филозофскиот и Правилниот факултет во Атина. Дипломирала на Високата школа за убави уметности во Атина. Сега живее и работи во Париз. Студиски патувања: Франција, Германија, Швајцарија, Белгија, Италија и др. Самостојни изложби: Торино и Венеција 1960, Милано 1961, Фиренца 1962, Солун 1963, Монтреал 1965, и др. Групни изложби: Атина 1950, 1957, 1958, Њујорк 1958, Барцелона, Венеција, Фиренца, Милано, Рим, Падова, Авр, Париз, Салон „Réalitàs Nouvelles“ Париз, Салон „Comparaisons“ Париз, „Салон на младата скулптура“ Музеј Роден, VII Биенале во Сан Пауло, III Симпозиум Forma Viva во Костањевица, Југославија, Монтреал 1965. Награди: II Награда во Падова 1961, II голмеа награда на III Биенале во Карара 1962, Награда „Felicia Leiner“ 1963, II Награда за скулптура на Биеналето во Сан Паоло 1963.
Адреса: Jeanne Spiteris, 37, rue de Gergovie, Paris 14e, France

... Дали затоа што Жан Сипитерис е Гркиња, нејзината скулптура ми личи на рушевини? Да, се чини дека овие форми и оддолеле на некоја голема несреќа, која ги распарчала. Тоа се железни форми, тоа се отворени рани. Секоја скулптура е отворен простор, но отворена во раскинување. Тие имаат елан,

движење, динамика, тие се анимирани со контрастни ритмови, судирни планови, кои чинат од овие „рушевини“ треперливи алегории на виталноста.
Бидејќи Жан Спитерис е скулптор на индустриското доба, таа го употребува повеќе железото одошто каменот...

Мишел Рагон

## СТАЛИ ФРАНСУА

Роден 1911 во Констанца (Германија). Студирал во Париз. Од 1931 живее во Франција. Работел на Академијата Рансон со Малфре и Мајол. Од 1938 излагал со групата „Сведоштво“, Мајскиот салон и Салонот на новите реалности.

Адреса: François Stahly, 6, Rue du Bassin, Meudon (S et O), France

...Стали ги сака агломерациите на виугавите форми, на волумените што полека се надуваат и оддуваат. Понекогаш, се има впечаток, дека се наоѓаме пред огромни капки кои паѓајќи се зацврстиле и соединиле за да сокријат некоја непозната тајна. Новите скулптори се подинамични и уште покомплексни. Изваjани во корени од дрво, тие се шират како птичји крилја кои полетуваат, како гестови на некоја група луѓе која наеднаш се растура, како огнови кои се шират од некое жариште и кои некој безмилосен ветер ги одвлекува и ги растргнува. Но овој ансамбл на грчења на кавитети и коскести гребени нема ништо анархично. Стали реализира подеднакво и релјефи кои обично се наменети за инкорпорирање во архитектурата.

Жозеф — Емил Милер

## ТАВЕРНАРИ ВИТОРИО

Роден 1919 во Милано (Италија). Живее во Варезе. Самостојни изложби: повеќе пати во Милано, Рим 1957, Болоња 1959, Париз 1961, Лугано 1963, XXXII Биенале во Венеција (самостојна сала) 1964, Пиза 1966, Фиренца 1966 и др. Групни изложби: на изложбите на италијанската уметност во Шведска, Норвешка, Данска и Финска 1951, Квадриенале во Торино 1951, Триенале во Милано 1951, Биенале во Венеција, Биенале во Сан Пауло 1951, Квадриенале во Рим 1951, Музеј Роден 1960, во Јапан, Југославија, САД, Романија итн. Награди: Награда на Квадриеналето во Рим 1959, Награда „Rancati“ во Милано 1960/61, Златен медал на Morgan's Paint во Римини 1961, Златен медал од Претседателот на Републиката во Сполето 1962, I награда за сакрална уметност во Болоња 1964, и др. Дела во музеите, во Рим, Њујорк, Питсбург, Скопје и во приватни колекции.

Адреса: Vittorio Tavernari
Via Dandolo 17 Varese, Italia

...Тој поминал низ разни искуства. Се чини дека се таложи неговата инспирација во текот на последните години на страсна работа, за време на кои тој ѝ втисна на човечката фигура примордиалност на ликовен симбол, отстранувајќи го од неа секој наративен или дескритивен елемент. Со своите нови фрагменти во бронза Тавернари направи порешителен чекор кон апстрактното, кои ги потопуваат неговите импресии во светлина, со мистериозно космичко значење.

Родолфо Палукини

## ТЕШИГАХАРА СОФУ

Роден во Токио (Јапан). Основач на Институтот Согетсу. Еден од најраните мајстори на икебана (аранжирање на цвеќиња).
Адреса: Sofu Teshigahara, School for flower arrangement, Sogetsy, Ametemachu, Akasaka, Minatoku, Tokyo, Japon.

... Авантуристичката постапка на мајсторот Тешигахара во скулптурата е продолжение на традиционалната и креативна уметност на „аранжирање на цвеќиња“. Ако јапонската публика ги гледа скулптурите на Тешигахара како „икебани“, можеби ќе треба ние да ги гледаме како скулптури ... Во секој случај, од најсмелата икебана со најригорозно традиционални структурални бази, до скулптурата во која мајсторот Тешигахара внесува максимална индивидуалност, се работи за решително одбран материјал во служба на една идеја ...

Мишел Тапје

**ТИХЕЦ СЛАВКО**

Роден 1928 во Марибор (Југославија). Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Љубљана. Самостојни изложби: Блед 1965, Љубљана 1966/67, Виена 1964, 1965 и 1966, Клагенфурт 1967. Групни изложби на II и III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград, XXXIII биенале во Венеција, 1966 на изложбата во Музејот на модерна уметност во Филаделфија 1966 и др. Награди: Прешернова награда за скулптура 1966, откупна награда од Фондот Моша Пијаде за скулптура изложена на III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград 1967.

Адреса: Славко Тихец, Обрежна 37, Марибор, Југославија

... Тихецовата органика би можеле во основата да ја означиме како „вегетабилна“, со што воедно би бил наговестен односот на неговата форма спрема некои „модели“ кои постојат во природата. Тихец, всушност, по завршениот процес на работата на една форма добива таква конфигурација, која ни се наметнува, ако е можно така да се каже, како еден гигантизиран „цвет во метал“ кој често е така блиску конкретизиран во својата поврзаност со природниот мотив, што на оваа пластика ѝ дава карактеристики на еден скоро натуралистички однос спрема објектот.

Јеша Денегри

**ALVIANI GETULIO**

Né en 1939 à Udine (Italie). Études à Udine. Membre du mouvement international „Nouvelle tendance". Expositions individuelles: Ljubljana 1961, Zagreb, Ulm, Klagenfurt 1962, Leverkusen, Amsterdam 1963, Gênes, Milan 1965, Turin, Trieste, Venise 1966, Participa à des nombreuses expositions collectives, entre autre: Biennale de Venise 1966, IVe Biennale de Tokyo 1964, VIe et VIIe Biennale de gravure de Ljubljana, VIIIe Bennale de Sao Paulo 1965, etc.

Adresse: Getulio Alviani, Via Marangoni 9, Udine, Italia

... Il souligne le besoin que dans les conditions actuelles de la manière de vie de l'homme, rapide, rationnelle et économique, toute activité devrait être fondée sur le fait „d'obtenir le plus grand résultat avec la plus grande économie". La pensée qui conduit Alviani dans ces experiments consiste dans la recherche des formes possibles pour la synthèse de technique-lumière-dynamique. La lumière est l'essentiel fait actif des objets plastiques d'Alviani; son interpretation de la lumière ne s'appuit pas à certaines situations classiques des nuances, ou atmosphèriques, mais elle veut être „la lumière de la stratosphère ou bien „hiperlumière" (Mauricio Fagiolo). En acceptant ainsi le phénomène de la lumière, Alviani obtient avec les moyens qu'il utilise, „la réalisation maximale" voulue et y consiste l'importance de sa contribution au problème qui le preoccupe.

Biljana Tomić

**ANGELI RADOVANI KOSTA**

